У-6.бр.1346/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите М-р Дитурије Елези Незири - претседател на совет, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Моника Китановска - виш судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот Друштво за скенирање, обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво ТРПЕНОСКИ од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-693/6 од 16.07.2020 година, за јавна набавка, на одржаната јавна расправа, во присуство на полномошникот на тужителот, тужениот орган и во отсуство на заинтересираното лице - уредно поканет, 14.07.2021 година донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за скенирање, обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-693/6 од 16.07.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот Адвокатско друштво ТРПЕНОСКИ од Скопје за надомест на трошоците по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-693/6 од 16.07.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се одбива како неоснована жалбата на КОНТЕГО ДОО Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.07084/7 од 30.06.2020 година донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 07084/2020 за набавка на услуги – дигитализација на микрофилмска документација на договорниот орган Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и неприменување на Законот за јавни набавки. Во тужбата е наведено дека договорниот орган во образложението на својата одлука не ги навел причините зошто понудата на сега тужителот се отфрла како неприфатлива што е спротивно на член 111 и 112 од Законот за јавните набавки, а исто така и Државната комисија за јавни набавки воопшто нема причини за решителните факти, а дадените причини се нејасни и противречни, повеќе што само ги цитирала одредбите од Законот за јавните набавки без да даде никакво образложение зошто жалбата е неоснована. Истакнато е дека согласно член 111 став 2 алинеја 2 и 3 од Законот за јавните набавки договорниот орган е должен да го извести понудувачот чија понуда е избрана за најповолна, како и понудувачите што биле одбиени или оние чија понуда не била избрана за најповолна односно отфрлена. Имено, согласно наведениот член наведено е дека за секој понудувач чија понуда е отфрлена, за причините за отфрлање на неговата понуда, треба да следи дополнително образложение во

самото решение зошто понудата е неприфатлива и понудувачот кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот, од каде произлегува дека известувањето доставено до тужителот не може да го замени образложението на одлуката, што укажува дека сторени се суштествени повреди на постапката. Понатаму, наведе е дека Комисијата за јавни набавки при договорниот орган со писмено известување побарала да изврши увид кај економскиот оператор во обезбедените предуслови предвидени во техничка и професионална способност потточка 2.3.3.2 алинеја 5 од тендерската документација и тестирањето на еден микрофилм да се реализира на 22.06.2020 година во 13.00 часот. На ваквото писмено известување тужителот барал одложување на терминот на посетата од причина што опремата за микрофилмување е набавена со Договор за набавка на потребната опрема склучен со правно лице од Република Грција, но истата пристигнала во Република Македонија со задоцнување поради вонредната состојба, поради што е побарано одлагање за краток рок од неколку дена, за економскиот оператор да ја стави во функција, со цел да се изврши пробно мкрофилмување како што било побарано од договорниот орган и на вака поставеното прашање сега тужителот благовремено доставил одговор. Оттука, нејасно е зошто договорниот и тужениот орган сметаат дека причините за ваквото барање за одложување на рокот не е оправдано и зошто истото не е прифатено, кога во моментот економскиот оператор барал дополнителен рок во сила вила вонредната состојба, а повеќе што јавната набавка е објавена на 14.05.2020 година во време на нејзино траење, што укажува на фактот дека искористена е за фаворизирање односно елиминирање определени економски оператори. Воедно истакнато е дека треба да се има предвид дека економскиот оператор ја има на располагање оваа опрема, за која поради објективни причини било потребен дополнителен период за да се стави во функција, па оттука произлегува дека законот е применет на штета на сега тужителот. Во однос на наводите во оспореното решение дека требало да достави докази со кои ќе докаже дека не постојат причини за негово исклучување од постапката за Иноватив Микро Солутион Атина Р.Грција смета дека биле доставени сите документи, а околноста за вонредна состојба е општо познат факт кој не треба да се докажува. Оттука, тужителот побара тужбата да се уважи, оспореното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување.

Судот согласно чл.23 од Законот за управните спорови ("Службен весник на РСМ" бр.96/2019), Судот го повика заинтересирано лице Македонски ТЕЛЕКОМ АД за електронски комуникации да се вклучи во постапката.

Тужениот орган во одговор на тужба остана во се при наводите дадени во образложението на оспореното решение, со предлог тужбата да биде одбиена како неоснована.

На одржаната јавна расправа на ден 14.07.2021 година, тужителот остана во целост кон наводите во тужбата и дополни дека покрај истакнатите барања дека е повреден членот 111 и 112 од Законот за јавните набавки, сметаме дека со оваа постапка повредени се и член 109 и 118 од законот. Клучно што треба да се утврди во оваа ситуација е дека поради настан на виша сила, вонредна состојба тужителот не бил во можност да ја обезбеди, увезе навремено опремата која што била нужна согласно техничката спецификација од јавната набавка и поради таквата виша сила е дојдено до доцнење од два или три дена со инсталирање на опремата, за што тужителот навремено го известил договорниот орган. Повредата во конкретниот случај на сега нападнатото решение се состои во околноста што тужениот орган на страна 11 од своето решение, ја префрла вината за ваквата вонредна состојба на тужителот и дава едно образложение каде што е наведено дека жалителот, сега

тужителот, самиот требал да внимава на овие рокови, како да воопшто не постоела вонредна состојба. Од овие причини, особено што постапката е спроведена за времетраење на вонредна состојба, смета дека е извршена повреда на одредбите кои што претходно ги цитира, па предлага Судот по изведување на доказите да донесе пресуда со која што ќе го усвои тужбеното барање во целост.

Овластениот претставник на тужениот орган изјави дека останува во целост на наводите во одговорот на тужбата и смета дека тужбеното барање е неосновано во целост.

Во доказна постапка Судот на расправата ги изведе сите списи и докази од тужбата, Поднесокот од 20.08.2020 година од страна на тужителот, Одговорот на тужба од страна на тужениот орган бр.09-693/10 од 26.08.2020 година, како и целокупната документација овозможена преку ЕСЈН овозможено преку Бирото за јавни набавки во врска со Оглас за јавни набавки со отворена постапка број 07084/2020 за набавка услуги – дигитализација на микрофилмска документација на договорниот орган Фонд за ПИОМ.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган спровел постапка за јавна набавка со отворена постапка бр.07084/2020 за набавка на услуги – Набавка на услуги за дигитализација на микрофилмска документација, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.20-1900/1 од 06.05.2020 година. Имено, постапката бика објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, како неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор да се користи економски најповолна понуда – цена и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. При тоа, од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата и 5.00% Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

До крајниот рок за поднесување на понудите 15.06.2020 година пристигнале вкупно две понуди, за што бил составен Записник од отварањето на понудите заведен под број 07084/3. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите при што понудувачите кои доставиле прифатливи понуди биле поканети на е - аукција. Врз основ на извештајот од текот на е –аукцијата и Извештајот од спроведената постапка, Комисијата за јавни набавки дала предлог за најповолна понуда да биде избрана понудата на груша понудувачи Македонски Телеком АД Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на дел од постапката бр.07084/7 од 30.06.2020 година.

Незадоволен од донесената одлука за избор на најповолна понуда, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор КОНТЕГО ДОО Скопје.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 160 став 1 точка 3 и став 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за јавните набавки, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната комисија го донела сега оспореното решение со кое жалбата на жалителот КОНТЕГО ДОО Скопје се одбива како неоснована. Незадоволен останал тужителот кој го поведе конкретниот управен спор.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), „Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација. Согласно точка 11 од истиот член „Прифатлива понуда“ е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Во член 3 став 1 од истиот закон, уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Во член 81 став 1 од истиот закон, Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Во член 109 став 1 од истиот закон, кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот.(2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.(3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата.(4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.(5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок.(6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира.(7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.(8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.(9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.(10) При евалуација на

понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член.(11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Во конкретниот случај, Судот цени дека тужениот орган врз основа на сите докази од предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, правилно ги применил горе цитираните законски одредби и со сега оспореното решение правилно ја одбил како неоснована жалбата на КОНТЕГО ДОО Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.07084/7 од 30.06.2020 година донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 07084/2020 за набавка на услуги – дигитализација на микрофилмска документација на договорниот орган Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Имено, од извршениот увид во списите на предметот, Судот утврди дека Државната комисија за жалби по јавни набавки правилно констатирала дека договорниот орган правилно постапил согласно член 109 став 6 и 7 од Законот за јавните набавки и ја исклучил понудата на тужителот од понатамошна евалуација со оглед на фактот дека истиот не го исполнил условот од точка 2.3.3 Техничка професионална способност потточка 2.3.3.2 алинеја 5 каде било барано Изјава за увид во целосна кадровска, хардверска софтверска опрема, просторна техничка усогласеност, со посета разговор со клучни вработени во пријавените економски оператори во врска со проектот, тестирање на опремата за дигитализација на микрофилм преку изведена задача пред комисијата од предметната набавка согласно технички спецификации на набавката приложените проектни задачи на економскиот оператор (информациите остануваат за интерна потреба за потребите на процесот за евалуација). Ова, дотолку повеќе што Комисијата за јавни набавки согласно Изјавата доставена од страна на тужителот побарала да изврши увид во обезбедените предуслови од точка 5, кој побарала да се реализира на 22.06.2020 година во 13.00 часот, но со оглед на фактот дека тужителот доставил барање за одлагање на терминот на посетата од причина што опремата за скенирање ја набавиле со Договор за подизведување склучен со право лице од Република Грција и истата во посочениот термин не можела да се обезбеди и стави во функција, ја прави понудата неприфатлива.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот дека договорниот и тужениот орган погрешно постапиле што не го прифатиле неговото барање за одложување на рокот, кога во моментот била на сила вонредната состојба, што укажува на фактот дека ваквата состојба само е искористена за фаворизирање односно елиминирање определени економски оператори, меѓутоа истите ги најде неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што тужениот орган правилно утврдил со оглед дека тужителот ја доставил бараната Изјава знаел за условите од тендерската документација и крајниот рок на поднесување на понудите, во смосла на чл.2 точка 11 од Законот за јавни навабки. Исто така правилно е утврдено дека доколку за конкретната јавна набавка имал склучено Договор за подизведување со правно лице од Република Грција, требало да достави документи односно докази за докаже дека не постојат причини за исклучување од постапката за операторот Иновaтив Микро Солутион Атина р.Грција согласно член 118 од Законот за јавни набавки за подизведување.

Во однос на наводите дека договорниот орган во образложеието на својата одлука за избор не ги навел причините зошто понудата на сега тужителот се отфрла како неприфатлива што е спротивно на член 111 и 112 од Законот за јавните набавки и известувањето доставено до тужителот не може да го замени образложеието на одлуката, овој Суд исто така ги најде неосновани од причина што во Известувањето за

доделување на договор за јавна набавка број 07084/9 од 30.06.2020 година биле децидно и јасно наведени причините поради кои понудата на тужителот била отфрлена како неприфатлива, повеќе што видно ЕСЈН Одлуката за избор на најповолна понуда бр.07084/7 и Известувањето за доделување на договор за јавна набавка бр.07084/9 биле прикачени на истиот датум 30.06.2020 година, односно на истиот ден кога ја добил Одлуката за избор со Известувањето и бил запознаен за причините за исклучување, а правото на жалба не му било скратено.

Согласно член 86 став 2 и став 3 од Законот за управните спорови ("Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019), странката секогаш сама ги сноси трошоците кои ги предзвикала по сопствена вина како и тршоците кои настанале случајно, а доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката ја запре, секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката, поради што барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката е неосновано.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 14.07.2021 година под У-6.бр.1346/2020.

Записничар – виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на советот – Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се доставина:
-тужител, преку полномошник
- тужен орган
- заинтересирано лице

Претседател на советот – Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

Точноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник